Иван Нацевски

# Хералдика на руските вооружани сили

Ivan Nacevski

# Heraldry of the Russian Armed Forces



Амблем на вооружаните сили на РФ/ Emblem of the Armed Forces of RF



Рондела на ВВ на РФ/ Rondel of the Air Force of RF



Знаме на вооружаните сили /Flag of the armed forces



Полковско знаме на бригада Regimental colors of a brigade



Знаме на министерството за одбрана /Flag of the ministry of defence



Крмено знаме на РФ Ensing of the RF



Премчено знаме на РФ/ Naval Jack of RF



Знаме на командантот на морнарицата/ Flag of the navy comander in-cheif

Да се опише современата руска воена хералдика, значи да се согледа нејзината традиција и иноваторство. Создавана на преминот од XX кон XXI век, таа е можеби најдобриот пример за тоа дека хералдиката е жива и без предрасуди кон сите општествени уредувања и промени. Имено, современата руска воена хералдика претставува пресек на историската руска хералдика и советската и современата руска симболика. На овој начин се добива една оригинална и безвременска претстава на рускиот воен дух и државна традиција. Грижата за таа традиција е во надлежност на Хералдичкиот совет на Министерството за одбрана на РФ. Овој совет е раководен од претседател, кој воедно претставува и главен воен хералд-мајстор. Во рамките на своето работење, Советот разгледува и оценува предлози за создавање нови или преработка на постоечките ознаки. Но, го следи и квалитетот на изработка и правилната употреба на сите ознаки. Откако Советот ќе одобри некоја ознака, таа се доставува до претседателскиот Хералдички совет на РФ, за дефинитивно одобрување. Сите одобрени предлози се запишуваат во Хералдичкиот регистар на вооружените сили на РФ. Рускиот военохералдички систем, во себе вклучува многу и разновидни ознаки. Главно можат да се поделат во неколку поголеми групи: знамиња, транспаренти, амблеми, ознаки за припадност и ознаки за одличност.

Прва современа руска воена ознака е амблемот на вооружените сили на Руската Федерација. Создадена е по претседателски указ, на 27 јануари 1997 година, и е во вид на „...златен орел со раширени крилја кој во

To describe modern Russian military heraldry is to realise its capability for development and innovation. Created at the turn of the twentieth century, modern Russian military heraldry is probably one of the best examples that heraldry is alive and without prejudice towards social change. This means that it represents a showcase of historical Russian heraldry enriched with soviet and modern Russian symbols. In this way, the original and truly timeless expression of the Russian warrior spirit and tradition is achieved. The guardianship for this tradition lies within the jurisdiction of Heraldic Council of the Ministry of Defence of the Russian Federation. Its working objectives are the review and evaluation of proposals for creating new insignia or the adaptation of old ones. It also regulates the quality of manufacturing of insignia, as well as its correct usage. After insignia has been approved, it is submitted to the Presidential Heraldic Council of the Russian Federation for final approval. All the approved insignia are recorded in the Heraldic Register of the Russian Armed Forces. The Russian system of military heraldry incorporates many different types of insignia. In general, they can be divided into several broad groups: flags, standards, emblems, insignia of affiliation, and insignia for excellence.

The first modern Russian military insignia is the emblem of the Armed Forces of the Russian Federation. Created by presidential act on 27th January 1997, the emblem is that of a golden double-headed eagle displayed, with a sword and wreath clutched in its respective talons. The eagle's breast is charged

канџите држи меч... и венец...“ На орловите гради се наоѓа штит, овенчан со круна. Во штитот, на црвено поле е прикажан коњаник кој убива змеј... Треба да се нагласи дека од историска перспектива не постои постара чисто руска ознака за вооружените сили, туку таква ознака за првпат ќе се појави за време на советската револуција, во форма на светски познатата црвена петокрака ѕвезда. Имено, таа ќе стане сврзно ткиво помеѓу тогашните државни и воени ознаки, а истовремено ќе ја изрази потребата од создавање оригинална современа ознака за вооружените сили на РФ. ’Петокраката‘ нема да го загуби своето место и по пропаѓањето на Советскиот Сојуз. Таа денес претставува главна ознака на капата на руските вооружени сили, како и ознака за леталата (рондела) на руското воено воздухопловство.



Амблем на ВДВ/Emblem of the VDV forces

Амблемите во воената руска хералдика се изработуваат во три варијанти: мал, среден и голем амблем. Големиот амблем претставува практично полно хералдичко достигнување. Составен е од: штит, амблем на штитот, венец, мото и други дополнителни детали – „параферналии“. Преку ова е прикажана севкупна информација за статусот, задачите и видот на организацијата што тој ја претставува. Од големината на организацијата зависи формата на штитот; од видот или родот зависи формата на венецот и останатите „параферналии“. Па така: одделните видови вооружени сили имаат штит со кружна форма; воените окрузи – француски штит; воените училишта – штит во форма на отворена книга; армиите – петоаголен; дивизиите – германски штит итн... Средниот амблем се изготвува со редуцирање на елементите од големиот. Овде се разликуваат две групи: средни амблеми во форма на хералдички беџ, на основа на двоглав орел (такви се средните амблеми на вооружените сили, видовите војски, генералштабот и специјалните сили) и средни амблеми во форма на мал хералдички грб (такви се ознаките на останатите организации). Малиот амблем во основа претставува основен амблем од штитот на останатите два амблема. Негова најкарактеристична употреба е како ознака на копчињата од униформите на вооружените сили.

Знамињата се особено голема група ознаки. Тука влегуваат различни видови: ’знамена‘ – транспаренти, ’флаги‘ – знамиња, ’военно-морские флаги‘ – поморски знамиња и ’вымпелы‘ – знаменца и ’личные штандарты‘ – лични транспаренти. Транспарентите претставуваат свечени церемонијални знамиња на вооружените сили и одделните видови воени сили. Знамињата (флаги) претставуваат знамиња за секојдневна

with a shield and the emblem is surmounted with a crown. The shield has a red field showing a horseman slaying a dragon. It should be noted that from a historical perspective there isn’t an older, purely Russian insignia for the armed forces. In soviet times, this insignia appeared in the form of the world-famous red star. It is this red star that has become the connective tissue between the state and military insignia of the different periods. The red star did not lose its place even after the collapse of the Soviet Union. To this day, it remains the main insignia borne on the caps of members of the armed forces and it is used on a roundel or round shield by the Russian Air Force.

In Russian military heraldry, the emblems are displayed in three different ways, i.e. as small, medium and large emblems. As a matter of fact, the large emblem is a full heraldic achievement. It consists of a shield, charge, wreath, motto and other additaments. In this manner, full particulars of the status, objectives and type of the organisation are provided. The size of the organisation dictates the form of the shield; the type and the branch give the form to the wreath and the other additaments. Thus, the different armed forces have round shields, the military regions have a French-style shield, the military schools have shields in a form of an open book, the armies have a pentagonal shield and the divisions have German style shields etc. The medium-sized emblems are created by reducing of the elements of the larger emblem. Here we can find two groups: medium-sized emblems in the form of a heraldic badge based on the double-headed eagle (for example, the emblems of the different armed forces, the joint chiefs of staff and the special forces) and medium-sized emblems in the form of small coat of arms (for example, the emblems of the rest of the military organisations). The small emblem basically represents the main charge taken from the shields of the aforementioned two groups. Its most distinctive use is as a symbol on the buttons of the armed forces’ uniforms.

Flags are an especially large group in which insignia are utilised for display. Besides the different colours, there are different types of flags, such as ensigns, pennants and standards. The colours are official, and ceremonial flags are used by the Joint Armed Forces and the different branches of the armed forces. Flags are for every-day use. The Ministry of Defence, the different branches of the armed forces, as well as the divisions all use flags. The ensigns are used as jacks

широка употреба. Знамиња имаат Министерството за одбрана, одделните видови воени сили, различните служби, како и останатите единици. Поморските знамиња претставуваат фронтални и задни знамиња на брод, а знаменцата претставуваат службени и положбени поморски знамиња. Овде секако вреди да се спомене андреевското знаме коешто е задно знаме на РФ, а претставува син Андреев крст на бело поле. Фронталното знаме пак се користи истовремено и како тврдинско знаме. Современите знамиња на одделните единици, како полкови и бригади, се своевиден хералдичко-вексилолошки споменик. Изготвени се во духот на руските императорски полковски знамиња, коишто пак се руска варијанта на пруските. Тие претставуваат ’стегови‘ на коишто се прикажани ознаките на соодветната единица, на задниината од ’тефтонски‘ крст, формиран од зраци што се распространуваат од центарот кон аглите на ’стегот‘.

Исклучително интересна група се личните транспаренти. Во руската воена хералдика, тие претставуваат почесни професионални ознаки што го симболизираат воинскиот долг и личната одговорност во раководењето и подготовката на воените единици. Вакви лични транспаренти имаат министерот за одбрана на РФ и неговиот прв заменик, началникот на генералштабот, командантите на одделните видови војски, команданти на армии и флотила итн... Личните транспаренти споделуваат некои слични особини како и полковските знамиња.

Ознаките за припадност се голема група и се особено важни. Поделени се во две одделни групи. Во првата група влегуваат ознаки за припадност кон министерството, кон различните видови и родови, кон тилот на вооружените сили, железничките војски, како и независни војски коишто не влегуваат во основните видови и родови војски. Овие ознаки претставуваат кружни нашивки што се носат на десниот ракав од воените униформи. Во втората група влегуваат ознаки за припадност кон конкретна воена формација. Овие ознаки се јавуваат во два облика – кружни нашивки што се носат на левиот ракав од униформите и беџови, носени на левата половина од градите. Беџовите можат да бидат во форма на среден или голем амблем на дадена формација.

Ознаките за одличност, во себе содржат: медали на Министерството за одбрана на РФ, наградни ознаки, квалификациски ознаки и ознаки за воjничка храброст. Министерските медали претставуваат ознаки за изразување виша форма на признание, за



**Мал амблем на ВВС/
Small Emblem of the VVS**

and as naval ensigns and the pennants are used to indicate the office or position of the bearer. It's worth mentioning that the blue St. Andrews' Cross on a white field is also used as a Russian naval ensign. The jack on the other hand is used as a flag for a fortress or base. The modern flags of the military units such as regiments and brigades are a type of heraldic and vexillological 'monuments'. They are organized in the spirit of the imperial Russian regimental colours which in turn are Russian variants of the Prussian colours. They represent banners on which the insignia of the unit in question are shown on a background consisting of the Teutonic cross created from rays spreading from the centre towards the outer corners of the banner.

An exceptionally interesting group are the standards. In Russian military heraldry, the standards are honourable professional insignia symbolizing military duty and personal responsibility for managing and maintaining the readiness of military units to perform their function. Standards are used by the Minister of Defence and his or her first vice-minister, the Chief of the Joint Chiefs of Staff, the commanders of the different types of armed forces, and commanders of armies and fleets etc. The standards and the flags of the military units share some common features.

The insignia for affiliation are a large and important group. They are divided into two separate sub-groups. The first sub-group consists of insignia indicating affiliation to the Ministry of Defence, the different armed forces, branches, the auxiliary forces, railroad forces, and independent forces that are not included in the general types and branches of the armed forces. They are in the form of circular embroidered patch worn on the right sleeve of military uniforms. The second sub-group are insignia indicating affiliation to a certain military unit. These insignia are two types: circular embroiled patches worn on the left sleeve of the uniform and badges worn on the left side of the chest. The badges can be in the form of the medium-sized or the large emblems of a certain unit.

The insignia for excellence consists of the medals of the Ministry of Defence, award insignia, qualification insignia, and insignia for military valour. The medals of the ministry are insignia for expressing the highest level of recognition for merit in the armed forces. The Russian Ministry of Defence has the

заслуги пред вооружените сили. Во рамките на своите надлежности, руското Министерство за одбрана доделува над триесет медали. Наградните ознаки изразуваат признание за заслуги во извршувањето на секојдневните задачи и должности. Овде влегуваат различни ознаки за одличност и заслуги во работата, како и ознаки за успешно извршени конкретни задачи и најразлични споменици(множина од споменица). Квалификациските ознаки се доделуваат за успешно усовршување во дадена професија или пак, за успешно завршено школување. Класични примери се ознаките за падобранци. Со ваквите ознаки за одличност се збогатува државниот награден систем на РФ и се добива уште едно моќно средство за мотивација и поттик кон службена, научна и творечка дејност.

Од овој скратен преглед на современата руска воена хералдика, станува јасно дека ознаките се од изразито значење за руските вооружени сили. Ова може само да се користи како позитивен пример за тоа како треба да се негуваат и изготвуваат македонските воени ознаки. Посебно ако се има предвид богатата македонска воена историја.

authority to award over thirty medals. Award insignia is for recognizing merit in everyday activities and duties. Here one encounters different insignia for excellence and merit in work, for successfully executing concrete objectives and awards for many different commemorative events. The qualification insignia is awarded for successfully upgrading knowledge and skills in a certain profession or for successfully completing a programme of study. Typical examples are the paratroopers' insignia. The Russian state award system is enriched by having this type of insignia and a powerful mechanism for stimulating motivation and initiative towards professional, scientific, and creative activity is thereby established.

This short review of modern Russian military heraldry clearly shows that insignia is of great importance to the Russian armed forces. This can only be viewed as a positive example of the correct way to create and regard Macedonian military insignia, especially if we take the rich Macedonian military history into consideration.



О.Кузнецов, Преемственность и новаторство в современной военной геральдике. http://heraldy.mil.ru/heraldry/publication/more.htm?id=11649980@cmsArticle

# Орден за воени заслуги

**Продолжува од страна 17**

На 15.08.2011 год., Вториот механизиран пешадиски батаљон од Првата механизирана пешадиска бригада на Здружената оперативна команда на АРМ и Ренцерскиот батаљон од полкот за специјални операции на АРМ, за исклучителен придонес во јакнењето на одбранбената способност на Република Македонија во зачувувањето на нејзината независност, безбедност и територијален интегритет, како и за успешно претставување и афирмирање на АРМ во меѓународни рамки.

На 26.06.2012 год., Полкот за специјални операции на АРМ, за исклучителен придонес во јакнењето на одбранбената способност на Република Македонија во зачувувањето на нејзината независност, безбедност и територијален интегритет, како и за успешно претставување и афирмирање на АРМ во меѓународни рамки.

На 26.06.2012 год., г. Митре Арсовски, генерал во пензија, за исклучителен придонес во остварувањето на независноста, самостојноста, сувереноста и територијалниот интегритет на Република Македонија и јакнење на нејзината одбранбена способност вршејќи ја должноста прв началник на Генералштабот на АРМ.

На 26..06.2012 год, први странски воени единици или институции кои се одликувани со Орденот за воени заслуги се Националната гарда на Вермонт, САД и Воената Академија на Република Турција.

# Order of Military Merit

**Continuing from p. 17**

26 July 2012. To the Special Operations Regiment of the Army of Republic of Macedonia, for outstanding contributions in strengthening the defense capability of the Republic of Macedonia, to the preservation of its independence, security and territorial integrity, and for the successful introduction and promotion of the Macedonian Army internationally.

26 July 2012. To Mitre Arsovski, retired general, for outstanding contributions to the achievement of independence, sovereignty and territorial integrity of the Republic of Macedonia and strengthening its defense capability as the first Chief of Staff of the Army of Republic of Macedonia.

26 July 2012. The Vermont National Guard (United States of America) and the Military Academy of the Republic of Turkey are the first foreign military units and institutions to be awarded the Order of Military Merit.

* За пишување на текстот користен е Законот за одликувања и признанија на Република Македонија („Сл.весник на РМ" бр. 48/02) и Одлуката за описот, изгледот и материјалите од кои се изработува орденот на Република Македонија („Сл.весник на РМ" бр. 31/05).

For writing this text is used the Law for decorations and acknowledgements of Republic of Macedonia (the Official gazette of Republic of Macedonia No.48/02) and the Decision of description, looking and materials from which is made the order of Republic of Macedonia (the Official gazette of Republic of Macedonia No.31/05)